Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА
бр. 02-1568/1-211
30.10 20 17 год.
Кичево

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15 , 61/15 и 39/2016 ), Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица" Кичево, по разгледување и увид во сметководствената документација за материјално финансиското работење на ЈП во третиот квартал во 2017 година, на седницата одржана на 30.10.2017 година, состави:

# И З В Е Ш Т А Ј
## за материјално финансиско работење на ЈП „Студенчица" Кичево
## за трет квартал во 2017 година

1. Во третиот квартал (01.07.-30.09.) на деловната 2017 година, искажаните финансиски показатели се резултат на настанатите деловни промени во работењето на ЈП во овој квартал на годината, утврдени во финансиските извештаи, со увидот во истите и Инфомацијата **бр. 01-1556/1 од 26.10.2017** година на Директорот на јавното претпријатие и табеларен преглед на вкупни приходи и рекапитулар на трошоци.

2. Информацијата **бр. 01-1556/1 од 26.10.2017** година на Директорот на ЈП, за финансиското работење на ЈП за третиот квартал (01.07.-30.09.) во деловната 2017 година, со табеларен преглед на вкупни приходи и рекапитулар на трошоци, со рекапитулар, за третиот квартал на 2017 година, објективно и реално ја искажува материјално финансиската состојба и работење на ЈП.

3. Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење утврди дека во јавното претпријатие книговодствена евиденција се води компјутерски, ажурно и согласно позитивните прописи и усвоените сметководствени политики.

4. Во третиот квартал (01.07.-30.09.) 2017 година остварен е:
   **Вкупно приход ________________ 9.616.227,00 денари**
   **Вкупно расход ________________ 12.935.846,00 денари**
   **Негативен финасиски резултат___ 3.319.619,00 денари**.

5. Вкупните остварените приходи во третиот квартал за 2017 година се на износ од **9.616.227,00** денари и во однос на планираните (14.333.743,62 денари) во Финансискиот план, се реализирани со 67.09 %.
   **Во третиот квартал од деловната 2017 година се реализирани следните приходи:**
   - **Приходи од продажба на вода** во износ од 7.504.034,00 денари, кои во однос на вкупно планираните за вториот квартал (8.699.175,62) се реализирани со 86,26 %.
   - **Приходи од продажба на електрична енергија**, произведена од МХЕ Добреноец во износ од 1.074.304,00 денари и истите во однос на вкупно планираните за соодветниот период (4.620.000,00) се реализирани со 23,25 %.
   - **Приходи по основ на камати** од орочени средства на депозити се реализирани во износ од 225.001,00 денари, кои во однос на вкупно планираните за вториот квартал (250.000,00) се реализирани со 90,00 %.
   - **Приходи од поранешни години** (наплатени отпишани побарувања) се реализирани во износ од 764.568,00 денари и истите во однос на планираните за содветниот период (764.568,00) се реализирани со 100 %.

6. Во третиот квартал од деловната 2017 година, вкупните расходи изнесуваат **12.935.846,00** денари и во однос на планираните 14.320.000,00 денари, истите се реализирани со 90,33 %.

**Реализирани трошоци по поединечни ставки во наведениот квартал кои се под реализација од 100% и тоа:**

- -Потрошени суровини и материјали со реализација................................**44,65 %**
- -Трошоци за материјали (админ.управа и прод.)................................ **26,69 %**
- -Потрошена енергија........................................................................ **37,51 %**
- -Потрошена енергија за МХЕ Добреноец.......................................... **112.35 %**
- -Потрошени резервни делови............................................................ **15.37 %**
- -Отпис на ситен инвентар ................................................................**94,10 %**
- -Поштенски,телефонски услуги и интернет........................................ **82,03%**
- -Услуги за одржување и заштита (услуги) ........................................ **81,21 %**
- -Услуги за заштита и одржување на МХЕ Добреноец............................ **40,00 %**
- -Комунални услуги ........................................................................ **27,60 %**
- -Останати услуги ........................................................................... **21,80 %**
- -Амортизација по минимални стапки со ............................................ **97,27 %**
- -Дневници за службени патувања и патни трошоци услуги .......... **50,11 %**
- Трошоци за надзорен и управен одбор и др........................................ **70,93 %**
- -Трошоци за репрезентација,угостителски услуги................................ **58,96 %**
- -Премии за осигурување на МХЕ Добреноец, објекти и опрема.......... **87,88%**
- -Банкарски услуги............................................................................ **52,52 %**
- -Даноци кои не зависат од резултатот,Членарини и др.тр....................... **22,33%**
- -Трошоци за надоместок за користење на вода за МХЕ Добреноец........ **45,68 %**

**Отстапувањата во однос на идеално планираната граница за реализација на одредени трошоци и нивно зголемување е регистрирано на следните расходни позиции по ставки како што се:**

- -Поштенски, телефонски и интернет услуги .................................. **112,3 %**
- -Вкалкулирани бруто плати услуги ................................................ **102,65 %**
- -Останати трошоци од работењето со ............................................... **102,30%**

7. Вкупните побарувања заклучно со крајот на наведениот период за 2017 година, изнесуваат **129.139.155,00** денари, од кои поголем дел се побарувања од купувачи:
   - побарувања од Купувачи од земјата во износ од 89.013.550,00 денари,
   - побарувања од дадени кредити,Депозити,кауции. во износ од 40.000.000,00 денари.
   - побарувања од повеќе платен данок на добивка во износ од 98.870,00 денари.
   - побарувања од вработени во износ од 26.735,00 денари.

   Вкупните побарувања се намалени за 7,04 % во однос на истиот период 2016 година.

8. Вкупните неизмирени обврски заклучно со крајот на наведениот период изнесуваат 559.630,00 денари и тоа:
   - Обврски кон добавувачи со износ од 223.155,00 денари.
   - Обврски по основ на персонален данок со износ од 17.792,00 денари.
   - Обврски за даноци и придонеси од плати со износ од 5.038,00 денари.
   - Обврски за данок на додадена вредност со износ од 153.510,00 денари.
   - Останати обврски спрема вработените со износ од 6.506,00 денари.
   - Обврски останати краткорочни (плати., УО., НО., и др) од 160.135,00 денари.

   **Обврските за даноци се подмируваат на почетокот на наредниот месец, во рок , како и обврските кон добавувачи и вработени .**

9. Во овој квартал обврските на ЈКП по склучените спогодби од 01.02.2014 година се исполнуваат, но спогодбата со ЈКП "Комуналец" Пласница е раскината на 19.06.2014 година, за кое Надзорниот одбор е информиран во извештајот за предходниот квартал, и кон овој корисник се фактурира во полн износ.
Со ЈКП "Комуналец" Пласница склучена е нова Спогодба бр.02-1019/1 од 24.06.2016 година со одлуки од Надзорен одбор и Управен одбор на ЈП "Студенчица" Кичево.

10. Основна карактеристика за третиот квартал на деловната 2017 година е тоа што остварен **негативен финасиски резултат** -(загуба) во работењето во износ **3.319.619,00 денари** денари. Овој резултат се должи пред се на помалата реализација на планирани приходи од продажба на вода кон РЕК Осломеј-Кичево за овој квартален период , поради што РЕК Осломеј-Кичево е вон погон подолг временски период, како и помалата реализација на планирани приходи по основ на продажба на електрична енергија од МХЕ Добреноец поради намалената издашност на изворот Студенчица.

11. Надзорниот одбор констатира дека ЈП "Студенчица" Кичево навремено ги сервисира тековните обврски кон државата и добавувачите и успешно се справува со извршување на своите обврски кои произлегуваат од дејноста која ја врши, и има потенцијал и гаранција за позитивно работење во идните периоди.

12. Овој Извештај да се достави до Управниот одбор на ЈП и Владата на Република Македонија.

Врз основа на претходно наведеното и ставот на присутните членови на Надзорниот одбор за материјално-финансиското работење на ЈП „Студенчица„ Кичево, Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за водоснабдување „Студенчица„ Кичево го дава следното:

## М И С Л Е Њ Е

1. На Извештајот за материјално финансиското работење на ЈП за водоснабдување „Студенчица„ Кичево за третиот квартал во 2017 година, Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење ДАВА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ .

**Доставено до:**
-Влада на Република Македонија.
-Управен одбор на ЈП
-Директор на ЈП
-Архива

Претседател на Надзорен одбор за материјално финансиско работење на ЈП „Студенчица„ Кичево

------------------------------------------
Лирим Фејза